МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија
Излегува еднаш месечно
Број 10, Октомври 2014 година

# ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МИНИМАЛНАТА ПЛАТА ОД ЈАНУАРИ И КАЗНЕНАТА ПОЛИТИКА




Претседателот Митревски на Прес конференцијата

**28.10.2014**

Во Сојузот на синдикатите на Македонија се одржа прес конференција во врска со најновите измени на Законот за минимална плата, усвоени од Економско Социјалниот Совет и Владата на Република Македонија на која присуствуваа министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски.

На барање на Сојузот на синдикати на Македонија и поаѓајќи од потребата за зајакнување на механизмот за исплатата на минималната плата на вработените во Република Македонија, како и заштита на интересите на работниците, со новите измени се предвидува доколку државниот инспектор за труд утврдил и констатирал дека на работникот му е исплатен понизок износ од висината на минималната плата, работодавачот најпрво има обврска во рок од седум дена да ја исплати минималната плата, но доколку не постапи односно не ја исплати минималната плата во рок од 7 дена, во тој случај ќе му се изрече глоба во износ од 8.000 до 9.000 евра во денарска противвредност. Доколку во рок од една година, работодавачот го направи истиот прекршок односно не му се исплаќа минимална плата на работникот ќе му се изрече глоба од 9.000 до 10.000 евра во денарска противвредност, а државниот инспектор за труд ќе донесе решение за забрана на работата на работодавачот во траење од 15 дена за кој период ќе биде обврзан да исплати минимална плата и социјални придонеси за вработените. Во измените на законот за минимална плата, исто така се предвидени и глоби за одговорното лице кај работодавачот, во износ од 4000 до 5000 евра во денарска противвредност. Овие предлог измени се потполно во интерес и заштита на правата на работниците во Р. Македонија, изјави министерот Спасов.

Во својот говор, претседателот д-р Митревски истакна дека централна определба на Сојузот на синдикатите на Македонија е спроведување на концептот на минимална плата. Со измените сакаме да го на професионалната етика на работодавачите; намалување на дополнителните трошоци на работодапостигнеме следново: спречување на злоупотребата на некои работодавачи; елиминирање на нелојалната конкуренција; зголемување вачите кои не го почитуваат законот; намалување на сивата економија и криминалот; понатамошна грижа за животниот стандард на најранливите и најсиромашните слоеви од општеството, изјави претседателот д-р Митревски.Согласно новите измени од јануари минималната плата ќе изнесува 9.590 денари.

# ПРЕС- КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПАРТНЕРИ ПО ПОВОД НОВИОТ ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**5.10.2014**

## СЕ ЗАЈАКНУВА УЛОГАТА НА СИНДИКАТИТЕ ВО ЗАШТИТАТА НА РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА И НИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов и претседателот на Организација на работодавачи на Македонија, Ангел Димитров на 5.10.2014 година, одржаа заедничка прес конференција во просториите на Министерството за труд и социјална политика, на која информираа за Законот за изменување и дополнување на законот за безбедност и здравје при работа.

Претседателот Митревски го посочи постоењето на позитивен социјален дијалог и прифаќањето на предлози од социјалните партнери, што е поткрепено со фактот дека во овој предлог на Закон во контекст на заштитата на работниците се зголемува улогата на синдикатите во два чувствителни сегменти и тоа: синдикатот ќе води поголема грижа во зголемување на работничките права, односно се зајакнува влијанието и позитивната контрола на синдикатот во заштитата и доследно почитување на работничките права.




Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски, министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов и претседателот на ОРМ, Ангел Димитров на Прес- конференција во Министерството за труд и социјална политика

**Новите измени го предвидуваат следново:**

- Секој работодавач да изготви и спроведе изјава за безбедност за секое работно место, прецизирајќи го начинот, како и мерките кои треба да се преземат.
- По изготвената изјавата за безбедност, работодавачот е должен да обезбеди мислење од синдикатот или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат.
- Работодавачот е должен да го обезбеди остварувањето на правото на вработените непосредно или преку претседателот на синдикалната организација, да учествуваат во утврдувањето на недостатоците и во подобрувањето на условите за работа и на работната средина кај работодавачот.
- Работодавачот е должен при планирање, набавка на работна опрема и воведување на нова технологија, да се консултира и соработува со вработените и со претседателот на синдикалната организација, заради нивното влијание по безбедноста и здравјето при работа, работните услови и работната околина.
- Работодавачот е должен да ги информира вработените и претседателот на синдикалната организација за секој вид на ризик за сите работни места, за безбедносните мерки потребни за контрола на ризиците и елиминирање на штетните последици, како и информации за вработените со посебни одговорности за прва помош, заштита од пожари и евакуација.
- Работодавачот мора да им дозволи на вработените, претседателот на синдикалната организација да учествуваат во дискусијата за сите прашања кои се однесуваат на безбедноста и здравјето при работа во согласност со овој закон и други прописи кои се донесуваат за безбедноста и здравјето при работа
- На вработените и на претседателот на синдикалната организација мора да им се презентира изјавата за безбедност, и извештајот за безбедност при работа како и спроведените мерки за безбедност и евиденција.

Претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат ќе ги имаат следните права:

- Да ги обиколи работните места поради согледување на состојбата во врска со безбедноста при работа, најмалку два пати годишно, а по потреба и повеќе пати во годината;
- Да побара од работодавачот да преземе соодветни мерки и во таа насока да поднесува предлози со цел да се намалат опасностите за вработените и/или да се отстранат изворите на опасностите;
- Да ја извести инспекцијата на трудот за нејзино посредување, да присуствува, да ги даде своите согледувања и да има увид во записникот составен од страна на инспекторот;
- Да побара од работодавачот информации и да има пристап до изјавите за процена за безбедноста и извештаите што се обврска на работодавачот и други документи во врска со планирањето и уредувањето на безбедноста и здравјето при работа;
- Задолжително писмено да бидат известени од страна на работодавачот, веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа од настанот, за смртен случај, колективна несреќа и повреда при работа која предизвикува времена неспособност за работа во траење повеќе од три работни дена, како и за секоја појава која преставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа.

Работодавачот мора на претставникот да му овозможи непречено вршење на неговата функција, преку обезбедување на соодветно време и потребни средства без намалување на платата, при што не смее да го стават во неповолна состојба поради неговите активности.

Во рамки на овие измени на Законот, а на предлог на бизнис заедницата кој беше прифатен од Економско-социјалниот совет се дефинира постапката за заштита на студентите при практична работа односно се создава систем за нивна безбедна пракса.

Со следниве предлог мерки, се дефинира заштитата на студенти за време на практична работа во рудници во рамки на образовната програма.

Работодавачот е должен пред започнување со практична работа студентите во рудниците да ги запознае со мерките за здравје и безбедност при работа. Извршувањето на практичната работа во рудниците може да започне само по претходно одобрение од одговорното лице кај работодавачот за завршена обука на учениците и студентите. Работодавачот е должен на студентите да им обезбеди лична заштитна опрема и да ги обучи за користење на истата. За време на практичната работа работодавачот и организаторот на практичната работа назначуваат одговорни лица кои ќе присуствуваат за време на изведувањето на практичната работа.Работодавачот во соработка со организаторот на практичната работа треба да изготват план за работните места кои се безбедни за извршување на практичната работа за учениците и студентите.

Предлогот за измените на Законот за БЗР се направени на предлог на Сојузот на синдикатите на Македонија, а беше прифатен од Економско-социјалниот совет.

# ОДРЖАНА СЕДМА ЛЕТНА ШКОЛА НА ПЕРК

**6-7.10.2014**

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија д-р Живко Митревски од 6 до 7 октомври присуствуваше на Седмата летна школа на Пан Европски Регионален Совет- ПЕРК во Братислава.

По отворањето на школата, Јаап Винен, заменик генералниот секретар на Меѓународната конфедерација на синдикати- ИТУЦ, ги запозна присутните со активностите на ИТУЦ во врска со спроведувањето на Програмата утврдена на претходниот Конгрес на ИТУЦ. Во фокусот на Програмата ќе биде организирањето и зачленувањето на ново членство, раст на синдикатите, реализација на работничките права и спроведување на Програмата за одржливи работни места.




Претседателот д-р Митревски на обраќањето

На оваа школа свое обраќање имаше и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, кој даде посебен осврт на информирањето, зголемување на капацитетите на синдикатите за начинот на реализација на информациите, во кој ги презентира практичните искуства на ССМ, во изработка на месечниот билтен, кој е оценет како еден од најуспешните реализирани практики на синдикатот во информирањето и прикажувањето на неговите резултати,како и пристапноста и присуството во медиумите и меѓу членството.

# ОДБЕЛЕЖАН 7 ОКТОМВРИ, СВЕТСКИОТ ДЕН ЗА ПРИСТОЈНА РАБОТА

**7.10.2014**

Во просториите на Сојузот на синдикатите на Македонија во организација на Секцијата на млади и Секцијата на жени при ССМ се одржа Трибина по повод 7 октомври- Светски ден за пристојна работа на тема „Основни принципи врз кои се темели пристојната работа“.

На трибината покрај претставниците од секцијата на жени и секцијата на млади при ССМ учествуваше претставник од Министерството за труд и социјална политика, Горан Велески.

Пристојната работа е во фокусот на вниманието на синдикатите, не само во нашата земја, туку ширум светот и е нивна постојана заложба. Воедно, во организација на Меѓународната конфедерација на синдикатите- ИТУЦ, на овој ден се води заедничка кампања на националните синдикати ширум светот за пристојната работа, со посебен фокус „Стоп на несигурната работа“.

Меѓународната организација на трудот- МОТ, владите, организациите на работодавачи и синдикатите ја сфаќаат пристојната работа како извор на лично достоинство, семејна сигурност, мир во заедницата, демократија која што се исполнува и економски раст кој ги зголемува можностите за продуктивни работни места и развој на претпријатијата, а со тоа и на националните економии. Едновремено таа претставува и клучен елемент за постигнување на фер глобализација и намалување на сиромаштијата. Светот денес се соочува со „дефицит” на пристојна работа. Под ова се подразбира невработеноста и недоволната ангажираност, слаб квалитет и непродуктивни работни места, несигурна работа и несигурна плата, непочитување на правата и родова дискриминација.




Претседател на Секцијата на млади, м-р Лидија Насковска, претседател на Секцијата на жени, Елизабета Гелевска и претставник од МТСП, Горан Велевски

Пораката на ИТУЦ воедно е порака на денешната трибина, продолжување на борбата за да се ограничи несигурната работа преку законодавството и колективните договори. Тие играат клуча улога во ублажувањето на несигурното вработување и подобрување на условите за привремена работа, работното време и агенциските работици, истакна претседателот на Секцијата на жени во ССМ, Елизабета Гелевска.

Од страна на претседателот на Секцијата на млади во ССМ, м-р Лидија Насковска, беше презентирана темата на трибината, при што таа посебно се задржа на Идејата и концептот за пристојна работа со што истакна дека „Пристојната работа и нејзиниот концепт произлегуваат од Меѓународната организација на трудот, промовирани во 1990 година, на 87– та Меѓународна конференција на трудот. Се заснова врз сфаќањето дека работата е извор на лично достоинство, демократија и општ економски раст во заедницата. Пристојната работа е клучен елемент за постигнување на фер глобализација и намалување на сиромаштијата. Исто така идејата за пристојна работа е прифатена на Светскиот самит на Обединетите нации, во 2005 година, потоа од Економско- социјалниот совет на Обединетите нации (ЕЦОСОС) во 2006 година а на Светскиот социјален форум одржан во Најроби е покрената кампања „Пристојна работа, достоинствен живот“ (2007 год.) и 7- ми Октомври е прогласен за Светски ден за пристојна работа“.

Меѓународната конфедерација на синдикатите (ИТУЦ) од 2008 година, 7 Октомври го прогласи и го одбележува како Меѓународен ден за пристојна работа, или за достоинствен труд. Преку 100 земји во светот денеска го одбележуваат Светскиот ден за пристојна работа.

Младите и жените на трибината можеа да слушнат и да добијат информации за тоа што значи за пристојна работа, кои се принципите на пристојна работа, како и заложбите и активностите кои што ССМ ги има направено во изминатиот период, за да ја подобри состојбата на работниците и воедно да им обезбеди пристојна работа и достоинствен труд.

Трибината заврши со пораката „Стоп за несигурната работа“ и продолжување на активностите за имплементирање на пристојната работа преку законодавството и колективните договори во сите работни средини, не само во нашата држава туку и насекаде во светот.

# ИНТЕРВЈУ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ССМ ЗА РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА

**9.10.2014**

На 9 октомври 2014 година претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, учествуваше во емисијата „Бројки“ во Радио Слободна Македонија.

На прашањата поставени од новинарот Наташа Мерсовска, претседателот д-р Митревски даде своја анализа за актуелната состојба на синдикатот во врска со измените на неколку клучни закони. Тој посебно се задржа на најновите Предлог- измени на Законот за Безбедност и здравје при работа- БЗР, при што уште еднаш ги истакна придобивките од Законот во контекст на заштитата на работниците со што се зголемува улогата на синдикатите во два чувствителни сегменти и тоа: синдикатот да води поголема грижа во зголемување на работничките права, односно дека се зајакнува влијанието и позитивната контрола на синдикатот во заштитата и доследно почитување на работничките права.


Претседателот д-р Митревски во Радио Слободна Македонија

Исто така, тој даде споредбена анализа за првиот квартал од 2013 и 2014 година околу повредите на работно место, односно во кои сектори има најмногу повреди, при што заклучи дека во оваа година според Државниот инспекторат за труд се бележи опаѓање на нивниот број. Исто така беше споменат и начинот на надзор на работните позиции од страна на синдикатот како и казните кои што се предвидуваат за прекршителите.

Со ова од страна на претседателот д-р Митревски беше посебно истакнато дека кампањата која се водеше по повод Денот на трудот, 1-ви Мај, во целост ќе биде реализирана.

Во текот на разговорот беше споменат и Светскиот ден за пристојна работа, по што претседателот истакна: „Донесувањето на Законот за минимална плата во Република Македонија е најзначајна придобивка на социјалните партнери во обезбедувањето на пристојна работа за работниците во РМ. Долгогодишната заложба на ССМ на овој план се оствари со донесувањето на законот, но со тоа не завршува нашиот ангажман на овој план. Затоа што во изминатиот период се постигна договор за зголемување на минималната плата и исплатат на регресот за годишен одмор популарно наречен К-15 за вработените од приватниот сектор“.

Од страна на претседателот беше спомената и анализата што ја прави Сојузот на синдикатите на Македонија за исплата на регрес за годишен одмор и податоците кои ги има добиено од синдикатите здружени во ССМ до сега евидентирана. Со што состојбата за исплата на регресот за годишен одмор е следна:

- ЕВН ( ССЕСМ ) исплатен е регрес за 2150 вработени;
- 30% од претпријатијата во СШДЕ исплатиле регрес;
- 40% од компаниите каде СГИП има свое членство исплатиле регрес;
- Во дејноста сообраќај и врски исплатен е регрес за 400 вработени во Фершпед АД Скопје , 1200 вработени во Т Мобиле Македонија АД;
- Во тутунското стопанство е исплатен регресот за годишен одмор;
- Во прехранбената индустрија на 30% од членството им е исплатен регресот;
- Во СИЕР , за дел работници е исплатен регресот , за дел исплатата е во тек и се исплаќа на рати
- СПТРМ , во Македонски телеком е исплатен регрес
- Во 9 претпријатија каде СТКЧ има свои членови, исплатен е регрес за годишен одмор на 2939 работници

Уште еднаш претседателот го потенцираше начинот на кои се исплаќа, законските рокови и казните за неисплаќање на оваа право.

На прашањето од новинарот за исплата на регрес за вработените од јавниот сектор претседателот објасни дека преговорите за Општиот колективен договор за јавен сектор се во тек и сеуште има некој отворени прашања за кој е потребно да се дискутира, а едно од овие отворените прашања е и прашањето за исплата на регрес.

На крајот на ова обраќање, претседателот се осврна на социјалниот дијалог и даде позитивна оценка за него, како начин за остварување на барањата од власта.

# ПОТВРДА НА АКТИВНОСТИТЕ НА СИНДИКАТИТЕ ЗДРУЖЕНИ ВО ССМ



Претседателот д-р Митревски со претседателот на СГИП , на конференцијата

**16-17.10.2014**

Голем успех и потврда на активностите на Синдикатот на шумарство, дрвна индустрија и енергетика на РМ, (СШДЕ) и Синдикатот на градежништво, индустрија и проектирање на РМ, (СГИП) е верификуван на европската конференција и состанокот на Европскиот комитет на Светската федерација на синдикатите на градежништво шумарство и дрвна индустрија (BWI) одржана на 16 -17 октомври.

Во рамките на одржаната конференција, која беше посветена на активностите на BWI и реализацијата на спортските кампањи како шанса и предизвик на синдикатите, планот за активности 2014-2017 и приоритети во 2015 година, претседателот на синдикатот на шумарство, дрвна индустрија и енергетика на РМ, (СШДЕ) и претседател на ССМ, д-р Живко Митревски и претседателот на синдикатот на градежништво, индустрија и проектирање на РМ, (СГИП), Павел Трендафилов беа избрани за членови на Европскиот комитет на оваа светска федерација.

Изборот на двата претседатели за членови во Европскиот комитет претставува уште една потврда за активностите на овие два синдикати кои ги имаа во спроведувањето на планот и програмата на матичните синдикати, но и на реализација на стратегијата и активностите на BWI, како и ангажманот во делот на ратификацијата на конвенцијата за јавни набавки и потпишувањето на колективните договори.

Во рамките на конференцијата беше одржана и посебна конференција на Секцијата на жени во рамките на BWI, посветена на организирањето на жените во шумарството, дрвната индустрија и градежништвото, како и правата на жените во колективните договори.

# ТРИПАРТИТНА СРЕДБА ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРИОРИТЕТИ ВО ПРОГРАМА ЗА ПРИСТОЈНА РАБОТА 2014-2017

**21.10.2014**

На 21 октомври 2014 година претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, учествуваше на трипартитна средба за дефинирање на приоритетите во Програмата за пристојна работа 2014-2017.

Настанот се одржа во х.Александар Палас во организација на Меѓународната организација на трудот-МОТ на кои присуствуваше директорот на Меѓународната организација на трудот за Централна и Источна Европа (ILO) Антонио Грациоси и повеќе експерти на МОТ.



Претседателот д-р Митревски на поединечните консултации со претставикот од МОТ, Овидиу Журка

На почетокот на средбата секој од социјалните партнери водеа поединечни разговори со претставниците од МОТ и ги поставија приоритетите кои се од особена важност за дефинирање на Програмата за пристојна работа 2014-2017.

Исто така на средбата беше презентирана евалуацијата од Програмата за пристојна работа 2010-2013 од страна на евалуаторот Марија Нашоковска.

На крајот на средбата беше заклучено дека главни приоритети усогласени од страна на социјалните партнери кои треба да бидат вклучени во Програмата за пристојна работа 2014-2017 се: вработување, со посебен акцент на младите лица, социјалниот дијалог и неформалната економија.

# РАБОТНА ПОСЕТА НА ПРЕТСТАВНИК НА МОТ



Претседателот д-р Митревски со претставникот од МОТ на состанокот

**22.10.2014**

На 22.10.2014 година во Сојузот на синдикатите на Македонија, претседателот, д-р Живко Митревски имаше работна средба со вишиот експерт за синдикално работење од МОТ, Овидиу Журка.

На состанокот претседателот го запозна претставникот од МОТ со тековните и идните активности на ССМ во делот на колективното договарање, најновите измени и дополнувања на Законот за работни односи и Законот за БЗР, а една од најактуелните теми на разговорот беше формирањето на центарот за едукација на ССМ.

# ПРОМОЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ“

**22.10.2014**

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, на 22.10.2014 година во х. Холидеј Ин, учествуваше и имаше свое обраќање на промоцијата на проектот "Унапредување на социјалниот дијалог", финансиран од ЕУ преку ИПА компонентата за развој на човечки ресурси 2007-2013 година, кој ќе се имплементира во период од 24 месеци.

Целта на овој проект е поддршка на социјалниот дијалог меѓу Владата, работодавачите и синдикалните организации. На оваа свеченост се обратија и шефот на Делегацијата на ЕУ, евро амбасадорот, Аиво Орав, постојаниот координатор на ОН, Луиса Винтон и директорот на Меѓународната организација на трудот за Централна и Источна Европа (МОТ) Антонио Грациоси, како и претставници од социјалните партнери.



Претседателот д-р Митревски во своето обраќање на промоцијата на проектот „Унапредување на социјалниот дијалог"

Претседателот д-р Митревски во своето обраќање го искажа задоволството од промоцијата на Проектот на МОТ за социјалниот дијалог „Унапредување на социјалниот дијалог“. што треба да се реализира во Република Македонија во наредните 2 години, но и за поддршката која што ја дава Европската Унија во континуитет, за развој на социјалниот дијалог во нашата земја.

„За ССМ социјалниот дијалог е од исклучително значење и претставува модел и концепт на дијалог за прашања адресирани од засегнатите страни во социјалното партнерство и најдобриот пат за хармонизација на општествените и економските процеси, развој на демократските односи, постигнување на стратешките планирања на социјалните партнери и стабилизација и напредок на општиот развој на општествената заедница”, истакна д-р Митревски.

Претседателот д-р Митревски потенцираше дека во изминатиот период, во Република Македонија има успешен и интензивен социјален дијалог, чија основа за воспоставување се неколкуте Конвенции на Меѓународната организација на трудот, но и домашното законодавство во делот на работните односи.

„Институционализираниот и рамноправен социјален дијалог во една земја покажува во која мера се развиени демократските односи, односите меѓу социјалните партнери“, изјави Митревски.

Еден од важните фактори за остварување на програмските заложби и цели на ССМ, е натамошниот развој на социјалниот дијалог, колективното преговарање и склучувањето колективни договори на гранско ниво и на ниво на работодавач, како и формирање на локално економско социјални совети.

# ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ


Претседателот д-р Митревски на прославата

**24.10.2014**

На 24-ти октомври 2014 година во Битола во име на Постојаниот претставник на Организацијата на Обединети Нации (ООН), Луиза Винтон, се одбележа Денот на Обединетите нации, 24ти октомври, на тема „Светот што го сакам во 2030“.

На настанот присуствуваа вицепремиерот Фатмир Бесими, министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, министерот за образование, Абдулаќим Адеми, министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, проректорот на Универзитетот во Битола, д-р Јованка Тутеска, градоначалникот на Битола, Владимир Талевски и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски.

Настанот резултираше во дискусија меѓу студентите, владините претставници и вработените во ООН за тоа како може да се работи заедно во текот на следните 15 години за да се направи светот едно подобро место. Секоја група беше задолжена да изготви три клучни активности кои може да се преземат во следните 15 години за да се помогне кон постигнување на следниве нови одржливи развојни цели меѓу кои: крај на сиромаштијата во сите нејзини форми; обезбедување на здрав живот и благосостојба за сите на сите возрасти; сеопфатно и квалитетно образование; можности за доживотно учење за сите; постигнување на родова еднаквост и поддржување на сите жени и девојки; намалување на нееднаквоста во и помеѓу земјите; промовирање на одржлив, инклузивен и одржлив економски раст, целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите; преземање на итна акција за борба против климатските промени и нивното влијание; промовирање на мирни и инклузивни општества за одржлив развој, обезбедување на пристап до правдата за сите и градење на ефикасни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа.

# ОДРЖАНА 22РА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА САМОСТОЈНИОТ СИНДИКАТ ЗА ЗДРАВСТВО, ФАРМАЦИЈА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА РМ

**29.10.2014**

На 29.10.2014 година Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ, ја одржа својата 22ра седница на Советот .

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ, Љубиша Каранфиловски, а покрај членовите на Советот на седницата присуствуваше и претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски.

На оваа седница беа разгледувани повеќе точки, меѓу кои и информацијата за актуелните состојби во здравствената дејност и социјална заштита во РМ, како и извештајот од 15тата седница на Комисијата за доделување парична помош од синдикалниот фонд на синдикатот.


Претседателот д-р Митревски на седницата

# ТВИНИНГ ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ОД ЕУ: -ПОДДРШКА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНИТЕ МЕРКИ И УСЛУГИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ-


Претседателот д-р Митревски со присутните на настанот

**30.10.2014**

На 30-ти октомври 2014 година, во центарот за вработување на Битола , претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија д-р Живко Митревски, присуствуваше на презентирање на проектот финансиран од ЕУ „Поддршка на агенцијата за вработување за спроведување на активните мерки и услуги на пазарот на трудот“.

Настанот го отвори постојаниот твининг советник Аксел Биргер кој го образложи проектот и ги запозна присутните со временската рамка на имплементација на проектот.

Претседателот д-р Митревски го истакна значењето на овој проект, посебно на регионално ниво. Исто така во својот говор, тој го истакна и значењето на социјалното партнерство, особено на локално ниво како важен фактор во креирањето на активните мерки и услуги на пазарот на трудот.Воедно претседателот ја искажа својата благодарност до Европската комисија во поттикнување и збогатување на капацитетите на партнерите во спроведување на политиките за вработување.

Проектот се спроведува во повеќе општини во Р. Македонија меѓу кои и општина Битола, а покрај социјалните партнери вклучени се други субјекти кои се значајни во креирањето на политиките за вработување на локално ниво.

# ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА ЛЕСС НА ОПШТИНА БИТОЛА



Претседателот д-р Митревски на седницата на ЛЕСС во Битола

**30.10.2014**

На 30-ти октомври 2014 година во центарот за вработување на Битола се одржа седница на Локално економско- социјалниот совет. На оваа седница покрај членовите на ЛЕСС Битола, присуствуваше и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски.

Со седницата раководеше претседавачот, претседател Томе Давков. На седницата беа разгледувани прашањата од дневниот ред меѓу кои: утврдување на статусот на активностите и идентификување на потребите за подобрување на ефикасноста на ЛЕСС Битола, заклучоци од средбите на ЛЕСС- овите во Охрид од септември 2014 г., планирање на работата на ЛЕСС Битола за наредните шест месеци, со можност два главни приоритети да бидат поддржани финансиски од УСАИД- YES Мрежата, како и беа дадени податоци за новиот проект на ЕУ „Поддршка на агенцијата за вработување за посредување на активните мерки и услуги на пазарот на трудот“.

Претседателот д-р Митревски, ги информираше присутните за начинот на работата на Националниот економско- социјален совет- НЕСС, и воедно пласира повеќе идеи за унапредување на работата на ЛЕСС- овите.

# Регионални синдикални претставништва и синдикални канцеларии

**РСП Тетово**
Одржана средба со директорот на „ТЕТЕКС ЈАРН“ од Тетово заради зачленување на нови 250 членови.

**РСП Скопје**
Формирана нова синдикална организација во Државниот завод за ревизија со 74 членови.
На 28.10.2014 година се одржа третата седница на ЛЕСС на општина Гази Баба

**РСП Охрид**
Остварена средба со вработените во ЕМО- Охрид и правниот застапник на СИЕР, Драге Јованоски околу понатамошните активности за неисплатените плати и придонеси во отворената стечајна постапка.
Средба меѓу претседателот и секретарот на СИЕР и синдикалното раководство на ЛТХ „Леарница“ од Охрид, заради активностите за потпишување на колективен договор на ниво на работодавец.
Реализирани средби со раководството на ЈП Национален парк „Галичица“, хотел „Десарет“ и хотел „Ривиера“ заради формирање синдикални организации и нивно регистрирање.

**РСП Велес**
Работни посети и состаноци за тековните проблеми во Синдикалните организации na ЈКП Дервен , Колска и Основниот Суд Велес. Дискутирано е за исплатата на надомест за годишен одмор, К-15 а во некои од овие фирми успешно е реализирана исплатата на надоместокот .
Остварена работна средба за зачленување на нови членови во Алевадо , Хемија Комерц, Дидо Текс.
Потпишани се 25 пристапници од сезонски работници ,членови кои припаѓаат во Агро Синдикатот .
Пружена е правна помош на 5 членови на Агро Синдикатот.

**РСП Куманово**
Остварена средба со стечајниот управник на „Жито-Мел“ од Куманово, заради неисплатените плати и придонеси на вработените.
Присуство на Конференција во Скопје, како членови на работната група во Пилот проектот-Подршка на АВРМ во имплементација на активните мерки за вработување и услуги , на кои беа претставници од Литванија и Германија.
Средба со претседателката на стечајните работници од Куманово, каде се изрази задоволство од соработката со ССМ.
Зачленување на нови членови во синдикатот од вработените во општина Старо Нагоричане.

**РСП Прилеп**
Реализирани средби на раководството на СИЕР и вработените во „Еурокомпозит“ од Прилеп, заради неисплатување на платите и придонесите, обезбедување на работа и можноста за стапување во штрајк.
Исплатен е надоместокот за годишен одмор во Тутунски комбинат Прилеп.

**РСП Кавадарци**
Одржан состанок со 60 стечајни работници од „МИК“-Кавадарци заради продажбата на претпријатието на „ТЕХНОСКОП“ ДООЕЛ Скопје и негово натамошно отпочнување со работа, производство и воведување на нови производствени линии.
Реализирани средби со вработени во ВВ „Тиквеш“, АД Скопје, АД ЗП ГД „Тиквеш“ и ЈЗУ Општа болница Кавадарци
Пружена правна заштита во РСК Неготино и одржани две судски расправи.

**Синдикална канцеларија Гостивар**
Остварена средба со стечајниот управник на АД Полет заради изготвување на имотни листови.
Одржан состанок на ЛЕСС во Гостивар на тема Стратешки план на Општина Гостивар и Локален акциски план за вработување 2014-2017 година.

# Регионални синдикални претставништва и синдикални канцеларии

**Синдикална канцеларија Кичево**
Изготвен приговор и тужба на вработен во АД Тајмиште Кичево заради престанок на работен однос.

**Синдикална канцеларија Свети Николе**
Остварени средби со синдикалните организации во Основен суд-Свети Николе и Здравствен дом „Гаврил Гаврилски“ заради формирање на сидикална организација, избрани се раководни тела и извршено регистрирање пред надлежните институции.

Сојуз на синдикатите на Македонија
ул. „12-та МакедонскаУдарна Бригада“ бр. 2-А, 1000 Скопје
контакт тел. +389 2 3161374
Факс +389 2 3115787
е-маил: info@ssm.org.mk
web: www.ssm.org.mk